Врз основа на член 188 од Законот за работни односи (пречистен текст, Сл. весник на РМ бр. 16/2010 година) 5-от Конгрес на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (СОНК) одржан на 17.10.2010 година усвои

# С Т А Т У Т
## на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија е самостојна, демократска, независна организација на работниците во која доброволно се зачленуваат заради застапување, остварување, заштитата и унапрдување на своите економски, социјални, работно-правни, професионални, образовни, културни и другите поединечни и колективни интерси.

### Член 2

Во изразувањето и заштитувањето на интересите, Самостојниот синдикат за образование, наука и култура поаѓа единствено од волјата на своето членство.

### Член 3

Во раководствата на синдикалните организации и во органите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура не можат да бидат предлагани и избирани:

-директори и раководни работници кои работодавецот ги овластил да донесуваат одлуки сврзани за работниот однос на работниците

-членови на органите на политичките партии на сите нивоа на нивното организирање

-преставници на политичките партии во државни и други институции и други организации

-членови на управни одбори

**Член 4**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура има право да членува во асоцијации во земјата и странство.

## 2. ИМЕ И СЕДИШТЕ

**Член 5**

Името на Синдикатот е: Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија.

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура има скратено име: СОНК (во натамошниот текст: СОНК).

Седиштето е во Скопје, во Работнички дом, на ул. 12 Ударна Бригада, бр. 2А.

## 3.ПРИНЦИПИ НА СОНК

**Член 6**

СОНК делувањето го заснова на следните принципи:

-доброволност во зачленувањето;

-демократичност во изразувањето и одлучувањето;

-взаемност и солидарност;

-права и одговорности на членовите и органите на СОНК;

-јавност во информирањето.

## 4. ЦЕЛИ И МЕТОДИ

**Член 7**

Цели се:

-да постигне социјално-економски и професионален статус на членството;

-заштита на правото на работа и на работниот однос;

-социјален дијалог;

-колективно преговарање и склучување на колективни договори на ниво на гранка и на ниво на работодавец;

-учество во образовната, научната и културната политика и законодавството, согласно на меѓународните стандарди;

-унапредување на условите за работа;

-повисоки права на социјално, здравствено, пензиско и инвалидско осигурување;

-повисоки права на дневен, неделен и годишен одмор;

-поефикасна превентивна здравствена заштита;

-создавање мотивација за креативен и квалитетен труд за унапредување на професијата;

-обезбедување законски гаранции на социјална заштита во случаи на појава на вишок на работници;

-остварување на меѓународна синдикална соработка.

**Член 8**

СОНК ги остварува целите преку:

-преставување и застапување на членството;

-платформи, програми, ставови, барања и слично, по социјално-економските, работно-правните и професионалните прашања и нивно реализирање;

-преговарање и склучување на колективни договори и учество во социјално-економски совети;

-поповолни предлози за измени и дополнувања на законски и други акти и предлози за нови законски и други решенија;

-разни облици на синдикален притисок: протестни писма и декларации, јавни собири и митинзи, протестни прошетки, демонстрации и штрајк;

-информирање на јавноста преку соопштенија, конференции за печат, директни настапувања преку јавните медиуми, истакнување на плакати на јавни места, интернет страница итн.;

-издавање на билтени, прирачници и други печатени материјали;

-известувања и барање подршка од меѓународните организации;

## 5. ЧЛЕНСТВО НА СОНК

**Член 9**

Членови на СОНК можат да бидат вработените во дејностите: згрижување и воспитание на децата, основното образование, средното образование, високото образование, науката, културата, спортот, вработените во Стручната служба на Советот на СОНК и пензионерите од оваа дејност кои биле членови на СОНК пред пензионирањето.

**Член 10**

Зачленувањето во СОНК е доброволно без разлика на политичките и религиозните убедувања, националната, етничката, расната и полова припадност.

**Член 11**

Вработените од дејностите од член 9 врз основа на слободно изразена волја стануваат членови на СОНК со потпишување на пристапница со која се потврдува прифаќањето на Статутот на СОНК.

На вработениот кој потпишал пристапница му се издава членска книшка со која го докажува членството во СОНК.

Членската книшка е сопственост на СОНК.

**Член 12**

Членството во СОНК престанува:

-со доброволно истапување на членот со давање на писмена изјава до претседателот на синдикалната организација, при што ја враќа членската книшка на СОНК;

-по автоматизам;

-со исклучување од СОНК;

Без да се врати членската книшка на СОНК доброволното истапување е неважечко.

Колективно истапување од СОНК е неважечко.

**Член 13**

Членот се брише од евиденција на синдикалната организација по автоматизам ако не плати членарина три месеци

едноподруго или повеќе од четири месеци во годината и ако му престане работниот однос во установата по било кој основ.

Исклучувањето го врши синдикалната оганизација каде што е организиран членот. Оваа мерка се применува во случаи на непочитување на Статутот на СОНК и одлуките на органите на СОНК.

Одлуката за исклучување на членот се доставува во рок од 15 дена од нејзиното донесување.

Членот врз кого е применета мерката исклучување има право на жалба до Советот на СОНК. Доколку исклучениот член поднесе жалба до Советот на СОНК неговото членство мирува. Доколку Советот на СОНК ја одбие жалбата тогаш исклучувањето е правосилно.

**Член 14**

Членот кому му престанало членството доколку изрази желба повторно да се зачлени во СОНК, треба писмено да се обрати до синдикалната организација. Синдикалната организација на привот нареден состанок може да одлучи да го прими во членство и да го внесе во евиденцијата, со издавање на нова членска книшка.

По правило, исклучените членови и членовите што доброволно го напуштиле СОНК, без да имале објективна причина за истото не треба да бидат повторно зачленувани во СОНК.

## 6. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОТ НА СОНК

**Член 15**

Членот на СОНК ги има следните права:

-да добива заштита од СОНК во остварување на правото од работа;

-да користи права од колективни договори;

-да користи права од Синдикалниот фонд и други фондови на СОНК;

-да користи бесплатна правна помош и заштита;

-да предлага, да бира и да биде биран во органите на СОНК;

-да учествува во одлучувањето и во реализацијата на одлуките во синдикалните организации;

-слободно да го изразува мислењето и да го брани на состаноци, конференции, советувања и конгреси;

-да добива информации за синдикална активност;

-да доставува до синдикалните органи барања, мислења, предлози, критички забелешки и жалби сврзани за поважни синдикални проблеми и да бара одговор и активност за нивно решавање;

-да учествува во работата на синдикалната организација;

-синдикална едукација;

-да добива награди и признанија на СОНК за синдикална активност;

-поповолна набавка на основни животни потреби преку синдикалната организација;

-да остварува и други права што ќе ги обезбедува СОНК.

**Член 16**

Членот на СОНК ги има следните обврски:

-да го почитува и спроведува Статутот на СОНК;

-да ги почитува и спроведува одлуките на Конгресот и органите на СОНК;

-да го гради единството на СОНК и да го штити неговиот авторитет;

-во активностите на СОНК да не делува од позиции на политичка, национална, етничка или расна припадност како и од религиозно убедување;

-да плаќа редовно синдикална членарина;

-при премин во друга синдикална организација на СОНК да се поврзе најдоцна за 30 дена;

## 7. СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОНК

**Член 17**

Синдикалната организација на СОНК (во понатамошниот текст: синдикална организација) е основен облик на организирање во СОНК.

Синдикалната организација има својство на правно лице и има жиро-сметка.

**Член 18**

По иницијатива на вработените се формира синдикална организација. Иницијативата за формирање на синдикална организација можат да дадат група на работници во установата.

Свикувањето на Основачкото собрание на синдикалната организација го врши Иницијативниот одбор од најмалку тројца вработени.

Одлука за формирање на синдикална организација носи Оснивачкото собрание на синдикалната организација и за истата се известува Советот на СОНК.

За да се формира синдикална оганизација треба да има најмалку три члена.

**Член 19**

Синдикалната организација се формира на принцип: една установа една синдикална организација.

**Член 20**

Синдикалната организација остварува функции и задачи кои произлегуваат од Статутот и Програмата на СОНК, а особено:

-склучува Колективен договор на ниво на работодавец;

-учествува во расправата во постапката за донесување на колективните договори и се ангажира за нивно спроведување;

-учествува во расправата во постапката за донесување на акти на установата со кои се регулира економската и социјалната положба на членството;

-предлага можни кандидати **за** членови во органите на СОНК;

-носи одлуки за штрајк на синдикалната организација и други облици на изразување и револт;

**Член 21**

Синдикалната организација може да работи ако се присутни повеќе од половина членови, а одлуките се донесуваат со мнозинство од присутните.

**Член 22**

Органи на синдикалната организација се: Собрание, Надзорен одбор и претседател.

**Член 23**

Собранието го сочинуваат сите членови на синдикалната организација и се одржува еднаш на пет години или по потреба.

Собранието може да се одржи ако се присутни повеќе од половината од членовите на синдикалната организација, а одлуките се донесуваат со мнозинство од присутните членови.

Собранието ја оценува работата на претседателот и го усвојува Извештајот на Надзорниот одбор.

Собранието избира претседател, и секретар на синдикалната организација и Надзорен одбор. Претседателот се избира по претходно добиено мислење на Регионалниот одбор на СОНК во кој е членка синдикалната организација.

Вонредно Собрание се одржува ако побараат негово одржување повеќе од половината членови на синдикалната организација. На Вонредното Собрание се расправа и одлучува за разрешување на претседателот на синдикалната организација и на претседателот и членовите на Надзорниот одбор, доколку тие го прекршиле Статутот на СОНК и одлуките на Советот на СОНК, како и поради неактивност во извршување на своите функции. На Вонредното Собрание може да се расправа и за други прашања. Иницијатива за Вонредно Собрание може да поднесе секој член на синдикалната организација.

**Член 24**

Претседателот на синдикалната организација свикува состаноци и претседава со истите.

Претседателот:

-ја следи економската и социјалната положба на членството во синдикалната организација, покренува иницијативи и барања и предлага решенија за подобрување на истата пред работодавецот;

-преговара и по овластување на синдикалната организација потпишува Колективен договор со работодавецот и го следи неговото спроведување;

-ги штити правата од работен однос и ги застапува членовите при нивното остварување во установата;

-се ангажира за создавање и подобрување на условите за работа и заштита при работа;

-се ангажира за обезбедување на услови за задоволување на потребите од културата, рекреацијата, одморот и спортувањето на членството;

-има задача за навремено и вистинито информирање на членството и на органите и телата на СОНК;

-ги пренесува ставовите на синдикалната организација во Регионалниот одбор на СОНК и во Територијалниот пододбор и обратно;

Претседателот превзема активности за зачленување на нови членови и се грижи за навремено и правилно прибирање на синдикалната членарина.

На предлог на претседателот на синдикалната организација или на предлог на член на синдикалната организација, организацијата одлучува за исклучување на член на СОНК поради непочитување на Статутот на СОНК и неспроведување на одлуки на органите на СОНК.

Претседателот е потписник на сите документи на синдикалната организација и наредбодател е на средствата. Претсдедателот ја чува документацијата, печатот и штембилот на синдикалната организација и е потписник на жиро сметката и наредбодател на користење на средствата. Тој е должен по истекот на мандатот или по негово разрешување да ги предаде документите, печатот и штембилот на новиот претседател во рок од седум дена.

Мандатот на претседателот на синдикалната организација трае пет години со можност истиот да биде повторуван.

Во отсуство на претседателот неговата надлежност ја извршува секретарот.

Состанокот на синдикалната организација се свикува и по доставени потписи до претседателот на синдикалната организација од најмалку една третина од членовите на синдикалната организација со писмено барање за одржување на

состанок со предлог на дневен ред, место и датум на одржување на состанокот.

Претседателот на синдикалната организација, доколку е исполнет условот од претходниот став, задолжително го закажува состанокот на синдикалната организација.

**Член 25**

Претседателот на синдикалната организација ја преставува и застапува синдикалната организација во правниот промет и спрема трети лица.

**Член 26**

Собранието на синдикалната организација избира Надзорен одбор од три члена и тројца заменици. Надзорниот одбор од својот состав избира претседател. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае пет години без право на повторен мандат.

Надзорниот одбор врши надзор над материјално-финансиското работење на синдикалната организација.

Надзор над материјално-финансиското работење на синдикалната организација се врши најмалку еднаш годишно.

Во случај на утврдена неправилност за материјално-финансиското работење, Надзорниот одбор ја известува синдикалната организација, Надзорниот одбор на Регионот и Надзорниот одбор на СОНК.

## 8. РЕГИОНАЛНИ ОДБОРИ

**Член 27**

На ниво на региони се формираат регионални одбори на СОНК.

Регионалните одбори се правни лица и имаат печат и штембил.

Регионалните одбори имаат својство на правно лице и имаат жиро-сметки. Сметководството на жиро сметките се води од страна на Стручната служба на СОНК.

Регионалните одбори на СОНК се финансираат со дел од членарината на СОНК кои синдикалните организации ја издвојуваат согласно Одлуката на Советот на СОНК.

**Член 28**

Членови на регионалните одбори се сите претседатели на синдикалните организации на СОНК од одредениот Регион.

**Член 29**

Регионалниот одбор, во согласност со претседателот на СОНК, избира претседател и секретар на Регионалниот одбор. Претседателот и секретарот на Регионалниот одбор по функција се членови на Советот на СОНК.

Претседателот на Регионалниот одбор на СОНК се разрешува пред истекот на мандатот, доколку го крши Статутот на СОНК и одлуките на Советот на СОНК, како и поради неактивност, со што не ја извршува својата функција. Иницијатива за разрешување на претседателот може да поднесе синдикалната организација на СОНК во Регионот, Регионалниот одбор и Советот на СОНК.

Претседателот на Регионалниот одбор на СОНК го преставува и застапува Регионот во платниот промет и пред трети лица.

**Член 30**

Претседателот на Регионалниот одбор по претходна консултација со претседателот на СОНК свикува состаноци на Одборот и ги води истите.

Претседателот на Регионалниот одбор е должен навреме и правилно да го информира Одборот за ставовите, одлуките, заклучоците и другите документи на Советот на СОНК.

Претседателот на Регионалниот одбор закажува состанок на синдикалната оганизација доколку претседателот на синдикалната организација не закажал состанок и покрај тоа што се исполнети условите утврдени со член 24, став 9.

**Член 31**

Заради поефикасно координирање на синдикалните организации во рамките на регионалните одбори може за определена територија да се формираат и територијални пододбори.

Членовите на Територијалниот пододбор се сите претседатели на синдикални организации од одредена територија.

Територијалниот пододбор од своите членови избира претседател и секретар на Пододборот. Состаноците ги закажува и ги води претседателот на Пододборот.

Претседателот на Територијалниот пододбор е должен да го информира Регионалниот одбор за активностите на Пододборот.

**Член 32**

Регионалните одбори и територијалните пододбори:

-преговараат со органите на локалната самоуправа за социјално-економските прашања што се во надлежност на локалната самоуправа;

-склучуваат клективни договори за дејности и установи кои се финансираат од средствата на локалната самоуправа;

-носат одлуки за организирање на разни облици на притисок: протесни писма, јавни собири и митинзи, протесни прошетки, демонстрации и штрајк, по прашања што се од надлежност на локалната самоуправа;

-даваат предлози и мислења на Буџетот на локалната самоуправа во однос на финансирање на дејностите;

Мандатот на претседателот на Регионалниот одбор и на Територијалниот пододбор трае 5 години со можност да биде избран повторно, доколку е избран за претседател на синдикалната организација.

Претседателот на Регионалниот одбор ја чува документацијата, печатот и штембилот на Регионалниот одбор и е потписник на сите документи и наредбодател на користење на средствата.

**Член 33**

Регионалниот одбор избира Надзорен одбор од 3 члена и 3 заменици членови.

Надзорниот одбор од став 1 врши надзор врз материјално-финансиското работење на Регионалниот одбор и до него поднесува Извештај.

Извештајот од став 2, Надзорниот одбор го доставува до Надзорниот одбор на СОНК и до Советот на СОНК.

**Член 34**

Претседателот на Регионалниот одбор односно Територијалниот пододбор врши информирање на јавноста за активностите на Одборот односно Пододборот преку соопштенија, прес-конференции и директни настапи на медиумите за информирање.

**Член 35**

Во случај на спреченост во рамките на Регионалниот одбор и Територијалниот пододбор претседателот го заменува секретарот.

## 9. ОРГАНИ НА СОНК

**Член 36**

Органи на СОНК се: Конгрес, Совет, Претседател и Надзорен одбор.

### 9.1.КОНГРЕС

**Член 37**

Конгресот е највисок орган на СОНК кој се свикува на пет години. Одлука за датумот и местото на одржувањето како и предлог за дневниот ред за работа на Конгресот, донесува Советот најдоцна 60 дена пред неговото одржување.

Предлог-документите за Конгресот се ставаат на расправа пред членството најмалку 30 дена пред одржувањето на Конгресот.

**Член 38**

Бројот, составот и структурата на делегатите на Конгресот се утврдуваат со посебна Одлука на Советот.

Членовите на Советот и на Претседателството се делегати на Конгресот.

**Член 39**

Конгресот за да работи потребно е присуство на две третини на делегати на Конгресот, а одлуките се полноважни

ако за нив се изјасни мнозинството од присутните делегати на Конгресот.

**Член 40**

Вонреден Конгрес може да се свика со Одлука на Советот или по барање на синдикални организации кои преставуваат повеќе од 50% од членовите на СОНК.

Барање за свикување на вонреден Конгрес се покренува кога ќе се оцени дека Советот не може да делува врз основа на важечките програмски документи, кога не ги остварува програмските задачи или кога ќе го напуштат повеќе од една половина членови на СОНК.

За вонредниот Конгрес исти се делегатите од редовниот Конгрес.

**Член 41**

Конгресот ги има следните надлежности:

-донесува Деловник за работа на Конгресот

-донесува Статут и програмски документи

-го усвојува Извештајот на Советот за активноста на СОНК и Извештајот на Надзорниот одбор

-врши избор на членови на Надзорен одбор

-врши избор на Претседател на СОНК

**Член 42**

Во меѓуконгресниот период може да се одржува Конференција на СОНК на која ќе се врши оцена за дотогашните резултати во реализација на Програмата и се договараат понатамошните активности.

**Член 43**

Бројот на учесниците како и нивната структура се определува со одлука за свикување на Конференција која ја носи Советот на СОНК.

## 9.2.СОВЕТ

**Член 44**

Советот е највисок постојан орган на СОНК, кој работи и дејствува меѓу два конгреса.

Советот формира Претседателство како негов извршен орган.

**Член 45**

Советот на СОНК е правно лице и има жиро-сметка.

**Член 46**

Структурата на Советот е соодветна на структурата на членовите на СОНК по дејности.

Одлука за бројот, составот, критериумите и начинот на изборот за членови на Советот ја носи Советот на СОНК во претходниот состав.

**Член 47**

Претседателите и секретарите на регионалните одбори, претседателот на СОНК, потпретседателите на Советот и генералниот секретар на Советот, по функција се членови на Советот на СОНК.

**Член 48**

Ако членот на Советот на СОНК три пати еднополдруго неоправдано отсуствува на седниците на Советот му престанува
функцијата по која е член на Советот и на негово место Регионалниот одбор од каде што доаѓа врши нов избор.

**Член 49**

Советот ги остварува функциите на СОНК утврдени со овој Статут и дејствува врз основа на програмските определби.

Советот за својата работа е одговорен пред Конгресот на СОНК.

**Член 50**

Советот на СОНК ги има следните надлежности:

-ги реализира определбите на Конгресот на СОНК;

-донесува оперативни програми и усвојува извештаи за работата;

-ги утврдува заедничките интереси и активности за нивно остварување;

-ги утврдува заедничките основи за преговарање и склучува колективни договори;

-со прделози и мислења учествува во постапка за донесување на закони и други прописи кои регулираат работно-правни, социјално-економски и професионални интереси, како и ставови по однос на нивното реализирање;

-дава предлози и мислења при утврдување на нормативите и стандардите за работа на вработените во дејностите и критериуми за стекнување на звања согласно закон;

-формира републички одбори;

-иницира организирање на генерален штрајк пред синдикалните организации и врз основа на изјаснување на синдикалните организации носи одлука;

-го носи Финансискиот план и го усвојува Финансискиот извештај за работата на жиро-сметката на Советот на СОНК;

-донесува одлуки за разрешување на претседатели на синдикални организации и нивно исклучување од членство во СОНК поради кршење на Статутот на СОНК и неспроведување на одлуки на Советот на СОНК, по предлог на Регионалниот одбор на СОНК.Доколку Регионалниот одбор од било кои причини не постапи согласно оваа обврска, во тој случај Одлука за разрешување и исклучување директно донесува Советот на СОНК;

-донесува одлуки за распишување редовни избори во СОНК

-утврдува заднички цели и активности со другите синдикати и други асоцијации од земјата и странство;

-врши избор на делегати и членови во органите на другите асоцијации;

-предлага можни кандидати за претседател на другите асоцијации;

-донесува акти со кои се регулира работата на органите и телата на СОНК;

-донесува нормативни акти со кои се регулираат прашањата од работниот однос на вработените во Стручната служба на Советот;

-формира фондови на СОНК;

-организира разни средби на СОНК;

-врши и други работи во согласност со Статутот.

**Член 51**

Советот за да може да работи, потребно е на седниците да присуствуваат мнозинството од неговите членови, а одлуките се полноважни ако за нив се изјаснат две третини од присутните членови.

## 9.3.ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОНК

**Член 52**

Конгресот, по предлог на Советот, избира претседател на СОНК.

**Член 53**

Мандатот на претседателот на СОНК трае пет години и истиот може да биде повторуван.

Во случај кога претседателот на СОНК е трајно спречен за вршење на функцијата или поднесе оставка, Советот избира еден од двајцата потпреседатели за вршител на должноста претседател.

**Член 54**

Претседателот на СОНК го преставува и застапува Советот на СОНК во правниот промет и пред трети лица.

**Член 55**

Претседателот ги има следните задачи:

-свикува седници на Советот и Претседателството и раководи со нив;

-остварува разговори и преговори со соодветните партнери во државата и ги потпишува колективните договори по дејности;

-ги застапува целите и интересите на СОНК;

-ги насочува активностите на Советот во согласност со Статутот и Програмата на СОНК;

-контактира со средствата за јавно информирање и држи конференции за печат;

-остварува соработка со другите синдикати, здруженија и невладини организации;

-воспоставува контакти и соработка со соодветните синдикати и асоцијации од другите земји;

-ги потпишува сите акти на Советот на СОНК;

-наредбодател е на средствата на Советот на СОНК и на Синдикалниот фонд;

-врши и други работи во согласност со овој Статут;

Претседателот за својата работа е одговорен пред Конгресот на СОНК.

**Член 56**

Претседателот на СОНК, ако повторно не биде избран или ако предвремено се разреши, се враќа во установата или претпријатието од каде дошол на функција, на соодветно работно место според степенот на образование односно квалификација.

**Член 57**

По предлог на претседателот на СОНК, Советот бира генерален секретар на Советот на СОНК.

Мандатот на генералниот секретар трае пет години и може да биде повторуван.

**Член 58**

Генералниот секретар на Советот на СОНК ги има следните задачи:

-ги подготвува материјалите за седниците на Советот, Претседателството и републичките одбори;

-ги координира активностите на републичките одбори и контактира со регионалните одбори, територијалните пододбори и синдикалните организации;

-ја организира активноста за едукација во СОНК;

-ја организира работата и е раководител на Стручната служба на Советот на СОНК;

-врши и други работи по овластување на претседателот на СОНК согласно Статутот на СОНК.

**Член 59**

Генералниот секретар на Советот на СОНК, ако повторно не биде избран или ако предвремено се разреши, се враќа во установата или претпријатието од каде дошол на функцијата, на соодветно работно место според степенот на образование односно квалификација.

**Член 60**

Претседателството е орган на Советот со извршни надлежности.

Членови на Претседателството се претседателите на републичките одбори, што ги именува Советот, по предлог на претседателот на СОНК.

Членовите на Претседателството учествуваат во работата на седниците на Советот без право на одлучување.

**Член 61**

Претседателството разгледува и утврдува ставови по сите прашања по кои расправа и одлучува Советот и презема мерки за нивно реализирање.

По прашања и проблеми кои се од итен карактер, како и по овластување на Советот, Претседателството носи одлуки, ставови или барања и истите ги доставува до Советот на првата наредна седница на верификација.

Претседателот на СОНК ако оцени дека одредени документи од став 2 на овој член се спротивни на интересите на членството или со одредби на овој Статут, може истите да ги стави во мирување до наредната седница на Советот, кој ќе донесе конечна одлука.

**Член 62**

Претседателството за да може да работи потребно е на седницата да присуствуваат најмалку две третини од неговите членови, а одлуките ги носи со мнозинство на гласови.

Членовите на Претседателството функцијата ја обавуваат волонтерски.

**Член 63**

На предлог на претседателот на СОНК, Советот именува два потпреседатели на Советот на СОНК.

Потпреседателите функцијата ја обавуваат волонтерски.

**Член 64**

Потпреседателите на Советот на СОНК по функција се членови на Советот на СОНК.

Потпреседателите на Советот на СОНК ги имаат следните задачи:

-учествуваат во социјални дијалози со надлежните органи во договор со претседателот на СОНК

-иницираат активности во Советот, Претседателството и републичките одбори

-ги водат седниците на Советот на СОНК во отсуство на претседателот на СОНК по негово овластување

-вршат и други работи во договор со претседателот на СОНК, а во согласност со Статутот и Програмата на СОНК.

**Член 65**

Заради целосно изразување на специфичните интереси и потреби на членството од одредени дејности, во рамките на Советот на СОНК се формираат републички одбори.

Формирањето на републичките одбори го врши Советот со посебна одлука со која се избира составот на Одборот.

Предлог за членови на Републичкиот одбор во консултација со претседателите на регионалните одбори, дава претседателот на Одборот.

**Член 66**

Републичкиот одбор:

-иницира активности и предлага ставови по сите прашања од интерес на членовите на дејноста;

-предлага мерки за разрешување на економските, социјалните, културните, професионалните и други интереси на членовите на дејноста;

-ги разгледува предлозите за донесување на законите и други прописи со кои се регулираат прашања од интерес на синдикалното членство во дејноста и дава предлози за измени и дополнувања на донесени закони и други прописи;

-учествува во постапката за изготвување на колективни договори на дејностите;

-иницира организирање штрајк во дејноста;

-врши и други работи за кои ќе го овласти Советот на СОНК.

**Член 67**

Состаноците на Републичкиот одбор ги свикува претседателот на Одборот, со претходна консултација со претседателот на СОНК, најмалку два пати годишно и по потреба.

## 9.4. НАДЗОРЕН ОДБОР

**Член 68**

Конгресот избира Надзорен одбор од 3 члена и 3 заменици.

Надзорниот одбор од својот состав избира Претседател. Членовите на Советот и на Претседателството не можат да бидат членови на Надзорниот одбор.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 5 години, без можност на повторен избор.

**Член 69**

Надзорниот одбор ги извршува следните работи:

-надзор на материјално-финансиското работење на Советот на СОНК, на Синдикалниот фонд на СОНК, на регионалните одбори на СОНК и синдикалните организации;

-врши контрола на распрделбата и употребата на финансиските средства;

-најмалку еднаш годишно врши контрола и ревизија во вкупното материјално и финансиско работење на примената на одлуките, правилниците и користењето на имотот.

Надзорниот одбор има право да изврши контрола на финансиското работење на Советот на СОНК, регионалните одбори на СОНК и синдикалните организации без претходна најава. За сите извршени контролни дејства Надзорниот одбор составува записник и истиот го доставува до Советот и Претседателството. Соработува со инспекциските служби задолжени за финансиското работење согласно закон. Поднесува извештаи за метеријално-финансиското работење до Советот на СОНК.

## 10 ФИНАНСИРАЊЕ И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА НА СОНК

### Член 70

Работата на СОНК се финансира од членарината и од други приходи, како што се: донаторство, спонзорство, камати на своите средства, акции, банкарски записи и подароци.

Висината на членарината и нејзината распредлба се одредува со одлука на Советот на СОНК.

### Член 71

Синдикалната членарина се подмирува при земањето на месечната плата со пресметка преку платен список.

### Член 72

Неспроведување на одлуките за распределба на членарината за користење на средствата се смета за повреда на Статутот на СОНК.

## 11. СИНДИКАЛЕН ФОНД НА СОНК

### Член 73

За остварување на солидарна материјална помош и користење на други материјални погодности, во рамките на

СОНК, се формира Синдикален фонд на СОНК (во натамошниот текст: Фонд).

**Член 74**

Членки на Фондот се синдикални организации кои доброволно одлучиле да се зачленат.

**Член 75**

Со Фондот управува Собрание на Фондот, што го сочинуваат по еден член од Регионот, делегирани од членките на Фондот.

Мандатот на членовите на Собранието на Фондот трае 5 години со можност за повторен избор.

**Член 76**

Собранието на Фондот со посебна одлука ја утврдува висината на членарината што се уплаќа во Фондот.

**Член 77**

Собранието на Фондот од членовите на Собранието избира Управен одбор од 5 члена.

Претседател на Собранието и на Управниот одбор, по функција е претседателот на СОНК.

**Член 78**

Со средствата на Фондот управува Управниот одбор. За поединечно користење на правата, кои се утврдуваат со Правилник на Синдикалниот фонд на СОНК, што го носи Собранието на Фондот, одлучува претседателот на СОНК.

**Член 79**

Членките на Фондот преку регионалните одбори на СОНК вршат избор на Надзорен одбор на Синдикалниот фонд од 3 члена и 3 заменици на членовите.

**Член 80**

Регионалните одбори на СОНК меѓусебно се договараат од кои региони ќе бидат избрани членовите и замениците на членовите на Надзорниот одбор, по принципот да не бидат избрани двајца членови или заменици од истиот регион.

**Член 81**

Надзорниот одбор на СОНК на крајот на годината изготвува Извештај за финансиското работење на Фондот што го усвојува Собранието.

**Член 82**

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор и нивните заменици трае 5 години без можност за повторен избор.

**Член 83**

Трошоците за функционирање на Фондот се на товар на средствата од жиро-сметката на Фондот.

## 12.СТРУЧНА СЛУЖБА

**Член 84**

За вршење на стручните, административните, финансиските, техничките и други работи за потребите на СОНК, во рамките на Советот на СОНК се формира Стручна служба.

Бројот на извршителите и работните задачи се регулираат со посебни акти што ги носи Советот.

## 13.АМБЛЕМ, ЗНАМЕ, СВЕЧЕНА ПЕСНА И ПЕЧАТ

**Член 85**

СОНК има амблем кој го симболизира СОНК. Амблемот е круг со жолта подлога во кој стилизирано стои книга со перо, археолошки столб, лира и дел од спортска топка.

**Член 86**

СОНК има свое знаме и тоа на црвена подлога, во средина е вграден амблемот на СОНК.

**Член 87**

Свечената песна на СОНК со мелодија и текст го симболизира СОНК.

**Член 88**

Во СОНК право на печат имаат Советот, регионалните одбори и синдикалните организации.

Печатот на СОНК е тркалезен и го содржи следното име: САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ.

Печатот на Регионалниот одбор на СОНК е тркалезен и го содржи следното име: САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-Регионален одбор на СОНК ________________________

име на Регионот и седиште

Печатот на синдикалната организација е тркалезен и го содржи следното име: САМОСТЕОН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-синдикална организација при ______________________.

Во средина на печатот на Советот, на регионалните одбори и на печатот на синдикалните организации е амблемот на СОНК.

**Член 89**

За ДЕН НА СОНК се прогласува 14 јули. Одбележувањето ќе се врши по Програма што ја носи Советот на СОНК.

## 14. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 90**

Статутот го усвојува Конгресот на СОНК.

Измени и дополнувања на Статутот помеѓу два конгреса врши Советот на СОНК, со две третини мнозинство од вкупниот број на членови на Советот.

Толкување на одредбите од овој Статут дава Советот.

**Член 91**

Одлука за здружување и раздружување во синдикални асоцијации во земјата и странство носи Советот на СОНК.

**Член 92**

СОНК може да престане да постои согласно случаите утврдени со Закон.

**Член 93**

Во синдикалните организации во единиците на локалната самоуправа во кои покрај употребата на македонскиот јазик и писмо во службена употреба е и друг јазик и писмо на граѓаните, Советот на СОНК обезбедува писмена комуникација со синдикалните организации и на тоа писмо.

**Член 94**

Овој Статут стапува во сила со денот на донесувањето.

**Член 95**

Со стапување на сила на овој Статут престанува да важи Статутот на СОНК од 15.04.2006 година.

**Претседател,**
**ДОЈЧИН ЦВЕТАНОСКИ**